OHRIDSKA BANKA

Врз основа на член 57, став 4, точка 31 од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Надзорниот одбор, на седницата одржана на ден 27.2.2020 година, донесе

**ПИСМЕНО МИСЛЕЊЕ**
за Годишниот извештај за работењето
на Охридска банка АД Скопје во 2019 година

Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на 27.2.2020 година, го разгледа Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и го даде следното мислење:

1. Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година содржи податоци за макроекономските, монетарните и за регулаторните услови во кои Банката ги остваруваше своите активности, податоци за состојбите, движењата и за структурните промени во билансот на состојбата, за остварениот финансиски резултат, управувањето со ризиците, корпоративното банкарство и банкарството на мало, развојот на производи, за прометот во земјата и во странство, информации за управувањето со човечките ресурси, управувањето со информатичката технологија, за преземените маркетиншки активности и за другите банкарски активности што се во функција на поуспешното работење на Банката.

2. Извештајот дава целосна слика за работењето на Банката и на нејзините организациски единици во 2019 година. Податоците во Извештајот укажуваат на позитивни трендови кај повеќето банкарски активности и на остварување позитивен финансиски резултат.

3. Во Годишниот извештај е вграден Извештајот за корпоративното управување изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката и на Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

4. Според наше мислење, Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Охридска банка АД Скопје во текот на 2019 година.

НО. Бр. 0203-9265/13-1
27.2.2020 г.
Скопје

НАДЗОРЕН ОДБОР НА
ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје

Претседател,
Георг Бухер